Согласно со член 17 став 1 алинеја 1 од Статутот на здружението на пензионери Ѓорче Петров - Скопје, Собранието на 7-та седницата одржана на **28 .11.2025** година, донесе

# *П Р О Г Р А М А*
## *ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА*

## *I ВОВЕД*

Во Статутот на здружението на пензионери на Ѓорче Петров-Скопје се утврдени целите,интересите,должностите и одговорности согласно Уставот и Законите.За остварување на целите и задачите здружението на пензионери Ѓорче Петров-Скопје ги остварува преку годишна Програма за работа со извршување на постојани активности на здружението и активности кои се карактеристични само за соодветната година.

Дел од програмираните задачи ќе произлегуваат од општествените состојби и промени и од секојдневните потреби на членството.

Програмата како значаен документ ја донесува Собранието на здружението на пензионери Ѓорче Петров-Скопје, а претседателот на Извршниот одбор, организира подготвување и извршување на програмираните задачи. Во извршување на програмираните активности како носители се органите и работните тела на здружението.

## *II МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА*

Здружението како невладина, непартиска и мултиетничка организација има 7 ограноци на пензионери, во кои членуваат корисници на старосна, семејна и по други основи, со 8.471 членови-пензионери. Здружението целосно се ангажира во остварување на целите и задачите утврдени со Статутот и Програмата за работа, за 2026 година.

## *III ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Целите и задачите се утврдени со членот 11 од Статутот на ЗП-Ѓорче Петров-Скопје како што е следење на остварување на определбите што се утврдени со оваа Програма како правата утврдени со Уставот, Законите и Статутот кои се од витално значење за нашите членови.

Како и заштита и промоција на социјалните права и интересите на пензионерите, унапредување на социјалната положба и интеграција и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија. Здружението оваа година ќе продолжи да ги промовира правата и интересите на пензионерите со поведување разни иницијативи за измена на законските прописи и со различни активности ќе учествува во градење јавно мислење и креирање на политиките кои се однесуваат на пензионерите.

Приоритетна цел за 2026 година ќе биде остварување на соработка со Здруженијата на пензионери Битола,Штип,Тетово и Гази Баба со кои ќе иницираме организирање на заеднички работни состаноци на ИО и Собранието.

## *IV ИЗДАВАЊЕ НА МОНОГРАФИЈА*

Во 2026 година Здружението на пензионери ќе го одбелажии своето 25 годишно постоење .
За таа цел ќе биде издадена Монографија во која ќе бидат опфатени сите досегашни наши активности.
За подготовка , печатењето и издавањето на Монографијата согласно Финансискиот план се планираат посебни финансиски саредства.

## *V СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА*

Моноторингот и евалуацијата се во надлежност на Извршниот одбор на здружението кој преку информации, периодични извештаи и Годишен извештај дава отчет на извршување на задачите програмирани за соодветната година. Се согледува извршувањето на предвидените активности или пак се изнесуваат причините поради кои одредени активности не биле извршени.

## *VI ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Средствата за финансирање на Програмата се предвидени со Финансискиот план на ЗП-Ѓорче Петров-Скопје за 2026 година. Средствата ќе се обезбедат од членарината на здружението како изворен приход.
Дополнителни средства ќе се обезбедуваат со изработка на проекти и донации.

## *VII ПЛАНИРАЊЕ СОРАБОТКА СО СЗПМ,ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ И ДРУГИ ВЛАДИНИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ.*

-Заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување:
- Оваа активност опфаќа заложби на Здружението за редовна исплата и усогласување на пензиите; - тековно следење на движењето на параметрите за усогласување на пензиите, соодносот на пензијата и просечната плата како мерило за вредноста на пензијата;
- давање мислење и сугестии за измена на ЗПИО и други закони, особено кога тоа е од значење за обезбедување на материјална и социјална сигурност на пензионерите.

-Во соработка со СЗПМ ќе иницираме пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и од 1 јули во тековната година со што ќе се обезбеди тековно усогласување цела година, предлог за кој константно ќе се ангажира здружението се до негово реализирање.
-Ќе дадеме подршка на СЗПМ во однос на усогласувањето на пензиите да се создаде правен основ за дегресивно усогласување на пензиите во одделни периоди што како предлог беше даден и при усвојување на новата методологија.
Во периоди кога има значителен пораст на трошоците на животот се покажува потребата од дегресивно усогласување, односно во одделни периоди пониските пензии да се зголемат со поголем процент.
-Здружението на пензионери Ѓорче Петров ќе се залага методологијата за усогласување на пензиите која сега е 50% пораст на плати и 50% пораст на животните трошоци во целост да се применува.
-Исто така ќе се залагаме за донесување законско решение за утврдување на минимална пензија која би изнесувала 80 % од минималната плата.

Продлабочување на соработката со сите здруженија на пензионери членки на СЗПМ нарочито со збратимените здруженија.
Соработката со Општината да се интензивира во однос на заштита на највозрасната популација во општината,во однос на доделување помош на социјално загрозените пензионери и посета на болни во домашни услови.
Соработката со црвениот крст ќе продолжи и во иднина.

## *VIII ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ*

- Здружението преку Комисијата за Здравство и Социјална заштита ќе ги превзема следниве активности:

-Во соработка со комисијата за здравство при СЗПМ ќе се обратиме до Министерството за социјална политика,демографијаи млади.ФПИОМ и Владата повторно да се реактивира проектот за Бањско Климатска –Рекреација на пензионери со ниски примања кој поради КОВИД 19 беше укинат како мерка за безбедност со препорака од страна на Комисијата за Јавно Здравје во 2021 година.

Во соработка со Комисијата за здравство при СЗПМ ќе предлагаме ослободување на пензионерите од целосна партиципација почнувајќи од дијагностика до болничко лекување.

-Ќе предложиме преку комисијата за здравство при СЗПМ целосно ослободување на пензионерите од болничка партиципација,по примерот во Р.Словенија.

-Преку комисијата за здравство ќе се залагаме за редовно ажурирање на позитивната листа на лекови согласно достигнувањата во медицинската наука.

-Во согласност со акцијата РУРАЛЕН ПЕНЗИОНЕР ќе се залагаме за целосна покриеност на руралните средини со теренски доктор и подвижна аптека.

-До комисијата за здравство при СЗПМ ќе предложиме подобрување на мој термин,како и можноста пензионерите да се лекуваат и во приватните болници со доплата на разликата од државната до цената во приватните медицински установи.

-Комисијата за здравство при ЗП-Ѓ.Петров да воспостави соработка со Оделението за Социјална и детска заштита на општина Ѓорче Петров ,со цел да се вклучи во работата на Форумот за социјални сервиси за згрижување на стари лица.

- Во координација со одборите во разграноците континуирано ќе се врши посета на болни и изнемоштени пензионери и давање помош на пензионери членови на ЗП-Ѓ.Петров со тешки заболувања.

-Активно ќе се вклучиме во традиционалната акција организирана од страна на Црвениот Крст по повод денот **Недела за грижа на стари и изнемоштени лица**.

- Учество на Базар и посета на пензионерите сместени во ЈЗУ Специјализирана болница за Геријатриска и полијативна медицина **13-ти Ноември –Скопје (Мајка Тереза.)**

-Организирање на предавања од областа на здравствената заштита од страна на компетентни здравствени работници,како и прегледи на наши членови.

-Комисијата за здравство во соработка со Црвениот крст ќе организира акции за мерење на притисок и шеќер во крвта на наши пензионери.

-Во соработка со Локалната самоуправа и Црвениот Крст ќе се помагаат ранливите категории на пензионери со ниски пензии со прехрамбени артикли и артикли за лична хигиена.

-Ќе настојуваме да продолжи праксата за доделување на еднократна патична помош на пензионери со ниски пензии.

-Комисијата за Здравство и Социјална работа ќе ангажира и врши обука на Волонтери(Даватели на услуги во домашни услови ) и пензионери приматели на овие услуги.

## IX Материјално финансиското и Книговодственото работење.

- Во 2026 година од страна на овластеното Книговодствено Биро

ќе биде следено финансиското работење на здружението и навремено ќе бидат изготвувани финансиски извештаи во согласност со новиот Закон за Здруженија и Фондации.

Финансиското работење ќе биде следено и од Надзорниот Одбор кој повремено ќе доставува извештаји за работата на здружението.

-Во почетокот на 2026 година ќе бидат разгледувани и донесени следните акти:

- Финансиски извештај за 2025 година.

  -Завршна сметка за 2025 година

- Повремени извештаи за остварување на приходите и расходите за 2026 година.

- По потреба изготвување на Ребаланс за Финансискиот план.

  -Извештај на Надзорниот одбор за 2025 година.

  -Извештај на пописната комисија за 2025 година.

  -Финансиски Паалн за 2026 година.

## X Спортски активности

Спортските активности за 2026 година ќе се одвиваат со целосна содржина во сите спортски дисциплини.
-Извршниот одбор ќе донесе Одлука за учество и настап на Регионалните и Републичките пензионерски спортски игри .
-Комисијата за спорт да определи спортски терени за припрема и меѓусебно натпреварување за избор на натпреварувачи во сите дисциплини.

- Комисијата за спорт да формира и подготви  спортски екипи  , за настап на пензионерските спортски натпревари.
-Здружението ќе земе  учество на натпревари и турнири што ги организира:СЗПМ,СЗП-на Град Скопје, Локалната самоуправа и други организации и здруженија.
- Комисијата за спорт да организира предновогодишен турнир за натпревар помеѓу разграноците и прогласување на најуспешни екипи и поединци – спортисти за 2026 година со доделување на дипломи.
Претседателите на  ограноците  да  организираат спортски и рекреативни активности, организирање на натпревари помеѓу ограноците,да предлагаат   истакнати пензионери – спортисти за ангажирање за  подготовки на екипите и поединци за настап на натпреварите ;да учествуваат  на натпревари и турнири организирани од страна на општината и други организации

# XI Културно забавен живот

Да го почувствуваме своето потекло и да бидеме чувари на традицијата,преку музиката, обичаите на нашиот народ кое е запишано со песната, ората и носијата,ние како генерација пензионери ја имаме таа задача и обврска да ја пренесеме на генерациите кои доаѓаат.Се гордееме што сме чувари на националното богатство на нашата земја Македонија.
Од овие причини нашето здружение ќе посвети посебно внимание на култиурно забавниот живот во разграноците и активно ќе учествува на сите културно уметнички манифестации како што се:

-На почетокот на годината Извршниот одбор ќе донесе  Одлука за учество и настап на Регионалната и Републичката ревија на Песна, Музика и Игра,како и на манифестаците  на који ќе бидеме поканети,од страна на здруженија,општината и други организации.

- Регионалната и Републичката ревија на Песни, Музика и Игри,како манифестација  се од  значаен приоритет  за здружението.За настап на самата манифестација покрај соло пеачи и хорот  ќе настојуваме да ја збогатиме содржината  и со национален фолклор во изведба на игроорната група.

-  Извршниот одбор ќе  донесена Одлука за ангажирање на стручни и компетентни лица  кои ќе ги подготвуваат нашите учесници за настап на сите културни манифестации.,како и ангажирање на оркестар.

-Во текот на годината  ќе организираме посета на театарски и кино претстави , музеи и галерии;

- На крајот на годината ќе се организира  традиционална пензионерска вечер по повод Нова Година

- Формирање на други секции за кои што ќе има заинтересирани пензионери  (драмска, рецитаторска , ликовна и други секции).

# XII Одмор и рекреација

- Здружението ќе продолжи со склучување договори со банско климатските установи со повластено користење на банско климатско лекување за пензионери членови на ЗП-Ѓ.Петров.

- Организирање на еднодневни и повеќедневни излети за посета на културно историски знаменитости во државата и надвор од неа како и организирани еднодневни излети во околината на град Скопје.

- Организирање дружења на пензионери од ограноците и други Здруженија ;

- Учество на заеднички манифестации и излети организирани од страна на Збратимените здруженијаШтип,Битола,Гази Баба ,Тетово,СЗПМ,Општината и други организации и здруженија.

## XIII. ПЕНЗИОНЕРСКИ,ОДНОСНО СТАРСКИ ДОМОВИ

-Во 2026 година ќе се реактивира предлогот содржан во барањата до СЗПМ,Владата и ФПИОМ за враќање на пензионерскиот дом во Ѓорче Петров на трајно користење на Здружението на пензионери Ѓорче Петров.
-Ќе поднесиме барање до ФПИОМ за доделување на објектот кој го користи Кам Маркет на ЗП-Ѓорче Петров на користење (каде би отвориле дневен центар за пензионери во соработка со Општината и Црвениот крст).
-Ќе ја збогатиме соработката со Комисијата за старски и пензионерски домови при СЗПМ и од истата ќе побараме да даде свој придонес околу ова наше барање.
-На ова поле ќе ја зголемиме и соработката со општината во поглед давање подршка за реализација на овие барања.

## XIV. ВОЛОНТЕРСТВО

Воспоставување и функционирање на Волонтерството во здружението на пензионери Ѓорче Петров.
- Волонтерството е основна карактеристика на секоја граѓанска организација и затоа во 2026 година ќе се следи како функционира волонтерството во повеќе сегменти во здружението .
- Волонтерството како давање на услуги на пензионерите во здружението е застапено и се практикува во редовното работење.
- Активности за заштита на човековата околина, грижа за унапредување на животната средина во соработка со надлежните органи во Општината;
- Подготвување на промотивен материјал за подигање на свеста за зачувување здрава околина што е особено важно за пензионерите.
- Давање препораки до разграноците на пензионерите во организирање на сопствени и инклузивни активности да се организираат еколошки акции.
-Ќе се превземаат активности за следење на Пензионерската социјална карта и водење на овој социјален документ по раграноците.

## XV РАЗГРАНОЦИ И РАБОТА ВО КЛУБОВИТЕ НА РАЗГРАНОЦИТЕ.

Клубови кои не располагаат со спортска опрема истата ќе бидат обезбедена

(Шах, Табла,Домино,Пикадо,баскети,фудбалски топки и друго).

- Презентирање на активности и содржината во весникот “Пензионер плус” кои се однесуваат на пензионерското организирање во здружението;

- Улогата на општината во унапредување на пензионерското организирање со доследна примена на членот 22 од Законот за локална самоуправа, да поведе повеќе сметка за одржувањето и опремувањето на клубовите во разграноците.

-Ќе иницираме работилници за компјутерско описменување на пензионерите - во 2026 година за што ќе се оствари соработката со правни субјекти кои нудат помош и обука на пензионерите за компјутерско описменување;
- По потреба може да се побара помош и од страна на СЗПМ да се одржат и соодветни работилници.
-Ќе се организираат:

- Состаноци со претседателите на разграноците.

-Заеднички средби со членовите на разграноците.( да се канат на состанок членови од други разграноци)

- Работни средби во разграноците на здружението на тие состаноци, односно средби ќе се разгледуваат прашања важни за здружението.

## XVI ИНФОРМИРАЊЕ

- Работата на органите и телата на здружението е јавна и транспарентна ;
- Одборите на разграноците ќе се информираат преку материјалите за седници на органите и телата на ЗП, преку соопштенија и други информации што се од интерес на пензионерите.
- Ќе се објавуваат:Правилници,Финансиски план,Програма за работа, финансиските извештаи и друго на нашата Веб подстраницата на Веб страницата на СЗПМ и весникот ,,Пензионер плус кој ќе биде столбот на информирањето на пензионерите во 2026 година.
-Здружението ќе организира весникот "Пензионер плус "да биде достапен на пензионерите.
- Ќе се информира СЗПМ , СЗП на град Скопје, локалната самоуправа и други организации за програмските активности на здружението

## XVII АКТИВ НА ЖЕНИ ПЕНЗИОНЕРКИ

Овој актив со посебна програма ќе партиципира во програмата на Здружението . Активностите ќе бидат насочени кон организирање на предавања за здравјето , исхраната , посета на болни и давање помош на болните . Собирни акции на облека и храна . Организирање здравствени прегледи – мерење на крвен притисок , шеќер и маснотии во крвта.

Координативно тело на активи на пензионерки - се очекува и во 2026 година активите на пензионерки да ја практикуваат социјалнохуманитарната дејност особено на осамени и пензионери од рурални средини;
- активите на пензионерки по разграноците во 2026 година ќе бидат моторна сила на практикување на принципите на заемност и солидарност затоа што пензионерот знае кога треба да помогне на друг, бидејќи и тој може да се најде во ситуација да побара помош од друг пензионер;
- размена на искуства и соработка меѓу активите во текот на годината;
- соработка со други организации кои работат со стари лица.
- Заштита од семејно насилство и дискриминација - во 2026 година, во фокус ќе биде и доследна примена на Законот за заштита од дискриминација што подразбира исклучување, разликување и ограничувања.
-Соработка со владини и невладини организации и институции

-Соработка со Црвениот крст на централно и локално ниво;
-Соработка со Општината.

## XVIII АЖУРИРАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

- Ќе се Ажурираат податоците на нови пензионери и ќе се следи нивната социјална состојба.

Програмата е основа за подготвување на Финансискиот план за 2026 година.

За реализација на оваа програма надлежните органи и тела ќе поднесуваат периодичен и годишен извештај.

Програмата е од отворен карактер и може да се дополнува со прашања од интерес на членовите на ЗП како и активности кои произлегуваат од материјали и активности кои произлегуваат од СЗПМ и СЗП на град Скопје

Составен дел на оваа Програма се програмите на работните тела на Извршниот одбор.

Програмата влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена на веп подстраницата ЗП-Ѓ.Петров. на страницата на СЗПМ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ**

**Васил Дрвошанов**